# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**За извршувањето на буџетот на Општина Демир Капија за период 01.01.2026-30.06.2026**

Согласно член 32 став (2) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25), градоначалникот е должен до Министерството за финансии и до Советот на Општината да доставува квартални извештаи со образложение за извршувањето на Буџетот, најдоцна во рок од еден месец по истекот на кварталот.

Буџетот на Општина Демир Капија во извештајниот период се реализираше во согласност со законските прописи што го регулираат буџетското работење, при што приходите и расходите се извршуваа согласно расположливите финансиски средства, утврдените буџетски приоритети и принципите на законитост, економичност, ефикасност и транспарентност.

Заклучно со вториот квартал од 2026 година, во Основниот буџет на Општина Демир Капија се реализирани вкупни приходи и приливи во износ од **30.810.334 денари**, од планираните **120.803.429 денари**, што претставува **25,50%** реализација во однос на годишниот план.

Во рамките на вкупниот консолидиран буџет на Општина Демир Капија, во периодот од 01.01.2026 до 30.06.2026 година се реализирани вкупни приходи и приливи во износ од **67.298.028 денари**, од планираните **197.918.241 денари**, што претставува **34,00%** реализација на годишниот план.

Во истиот период, реализирани се вкупни расходи и одливи во износ од **64.555.893 денари**, од планираните **197.918.241 денари**, односно **32,62%** од годишно планираните средства.

Оствареното извршување на Буџетот во првата половина од фискалната 2026 година укажува на континуирано и стабилно реализирање на буџетските активности, при што динамиката на реализација е условена од временската распределба на приходите, законските рокови за трансфер на средства, како и од динамиката на реализација на капиталните проекти и постапките за јавни набавки, согласно Законот за јавните набавки и останатите прописи кои го регулираат буџетското и финансиското работење на единиците на локалната самоуправа.

## Реализација на изворите на финансирање на Општина Демир Капија

Приходите на Буџетот на општината, вклучително и приходите на единките корисници, за 2026 година се планирани и реализирани во согласност со законските прописи, како и со досегашниот тренд на наплата на изворните приходи и трансферите (дотациите) од Буџетот на Република Северна Македонија. Структурата и висината на овие приходи се прикажани во табелата во продолжение:

| | *Вид на приход* | *План* | *Реализација 30.06.2025* | *Реализација 30.06.2026* | *Реализација %* |
|---|---|---|---|---|---|
| **71** | Даночни приходи | 32.431.259 | 6.665.218 | 8.487.971 | 26.17 |
| **72** | Неданочни приходи | 5.110.000 | 1.211.583 | 1.143.089 | 22.37 |
| **73** | Капитални приходи | 27.054.820 | 1.162.153 | 649.038 | 2.40 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **74** | Трансфери и донации | 133.322.162 | 74.242.449 | 57.017.930 | 42.77 |
| | ***Вкупно:*** | **197.918.241** | **81.280.403** | **67.298.028** | **34,00** |

# Даночни приходи

Даночните приходи во 2026 година се планирани во износ од 32.431.259 додека нивната реализација во вториот квартал изнесува 8.487.971денари.

| ***Приходна шифра*** | ***Опис*** | ***План*** | ***Реализација 30.06.2025*** | ***Реализација 30.06.2026*** | ***Реализација %*** |
|---|---|---|---|---|---|
| **711** | Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 2.060.000 | 1.040.420 | 1.163.317 | 55.47 |
| **713** | Даноци од имот | 6.003.000 | 2.474.411 | 3.662.545 | 61.01 |
| **717** | Даноци од специф. услуги | 23.158.259 | 3.041.824 | 3.337.991 | 14.41 |
| **718** | Такси за користење или дозволи за вршење на дејност | 1.210.000 | 108.563 | 324.118 | 26.79 |
| | **Вкупно:** | **32.431.259** | **6.665.218** | **8.487.971** | **26.17** |




# Даноци на имот

| ***Приходна шифра*** | ***Опис*** | ***План*** | ***Реализација 30.06.2025*** | ***Реализација 30.06.2026*** | ***Реализација %*** |
|---|---|---|---|---|---|
| **7131** | Данок на имот | 2.500.000 | 1.019.496 | 2.351.055 | 94.04 |
| **7132** | Данок на наследство и подарок | 500.000 | 142.762 | 201.252 | 40.25 |
| **7133** | Данок на промет на недвижности и права | 3.000.000 | 1.311.626 | 1.109.225 | 36.97 |
| **7135** | Казни и камати | 3.000 | 527 | 1.013 | 33.77 |
| | **Вкупно:** | **6.003.000** | **2.474.411** | **3.662.545** | **61.01** |

Во рамките на даночните приходи, заклучно со 30.06.2026 година, по приходните ставки 7131, 7132, 7133 и 7135 е планиран вкупен износ од 6.003.000 денари, од кои се реализирани 3.662.545 денари, што претставува 61,01% реализација во однос на годишниот план. Во споредба со истиот период од претходната година, кога беа реализирани 2.474.411 денари, остварено е зголемување на наплатата за 1.188.134 денари, односно приближно 48%.
Најзначајно учество во реализацијата има приходната ставка 7131 – Данок на имот, каде од

планираните 2.500.000 денари се реализирани 2.351.055 денари, односно 94,04% од годишниот план. Во однос на истиот период од 2025 година, кога реализацијата изнесувала 1.019.496 денари, евидентно е значително подобрување на наплатата, што упатува на поефикасно задолжување и наплата на данокот на имот, како и на континуирано преземање мерки за подобрување на даночната дисциплина.

Кај приходната ставка 7132 – Данок на наследство и подарок, реализирани се 201.252 денари, што претставува 40,25% од планираните средства. Остварената реализација е повисока во однос на истиот период од претходната година, кога биле наплатени 142.762 денари. Висината на овие приходи зависи од бројот на завршени управни постапки и правниот промет кој се реализира во текот на годината.

По основ на 7133 – Данок на промет на недвижности и права, реализирани се 1.109.225 денари, односно 36,97% од годишниот план. Во однос на истиот период од претходната година се бележи намалување на реализацијата, што е резултат на помалиот број реализирани трансакции на недвижности во текот на извештајниот период. Остварувањето на овие приходи е директно условено од обемот на прометот на недвижности и не може однапред прецизно да се предвиди.

Кај приходната ставка 7135 – Казни и камати, реализирани се 1.013 денари, односно 33,77% од планираниот износ. Реализацијата на оваа ставка е во согласност со нејзиниот карактер, бидејќи приходите зависат од наплатата на законски утврдени казни и камати и не претставуваат континуиран извор на приходи.

Остварената реализација на даночните приходи во првата половина од 2026 година укажува на стабилна наплата, при што најголем придонес има данокот на имот како најзначаен сопствен извор на приходи на Општината, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и Законот за даноците на имот.

## Даноци на специфични услуги

Даноците на специфични услуги, кои ги опфаќаат приходите од комунални такси и надоместоци, за 2026 година се планирани во вкупен износ од 23.158.259 денари. Заклучно со 30.06.2026 година реализирани се 3.337.991 денари, што претставува 14,41% од годишниот план. Во истиот период од претходната година реализацијата изнесувала 3.041.824 денари, односно во 2026 година е остварено зголемување на приходите за 296.167 денари или 9,74%.

Најзначајно учество во оваа група приходи има комуналната такса за одржување на јавно осветлување (717116), по која се реализирани 2.100.741 денари, што претставува 52,52% од планираниот износ и е благо повисока реализација во споредба со истиот период од 2025 година.

Кај комуналната такса за истакнат назив на фирма (фирмарина) (717112) реализирани се 460.500 денари, односно 92,10% од годишниот план. Ова укажува на високо ниво на наплата уште во првата половина од годината, што е очекувано имајќи ја предвид динамиката на задолжување и плаќање на оваа комунална такса.

Приходите од комуналната такса за користење на улици со патнички и товарни моторни возила што се плаќа при регистрација (717115) изнесуваат 239.610 денари, односно 59,90% од планираните средства, што претставува задоволителна реализација согласно динамиката на регистрација на моторните возила.

По основ на комуналната такса за користење на простор пред деловни објекти (717131) реализирани се 60.904 денари, што претставува 101,51% од планираниот износ. Со оваа реализација годишниот план е веќе надминат, што укажува на поголем обем на користење на јавните површини од предвидениот.

Кај комуналната такса за привремен престој (717111) реализирани се 85.312 денари, односно 34,13% од планираниот износ. Имајќи предвид дека приходите од оваа ставка имаат сезонски

карактер, се очекува нивната реализација да биде повисока во втората половина од годината.
По основ на комуналната такса за користење на плоштади и друг јавен простор (717135) реализирани се 9.840 денари, односно 19,68% од планираниот износ.
Кај надоместокот за уредување на градежно земјиште (717137) се реализирани 381.084 денари, што претставува 2,13% од планираниот износ. Ниската реализација се должи на фактот што наплатата на овој надоместок зависи од бројот на издадени одобренија за градење и динамиката на реализација на инвестициите во текот на годината, поради што поголем дел од приходите традиционално се остваруваат во втората половина на фискалната година.
По останатите приходни ставки од оваа група (717119, 717129, 717134 и 717138) не е евидентирана реализација во извештајниот период.

| *Приходна шифра* | *Опис* | *План* | *Реализација 30.06.2025* | *Реализација 30.06.2026* | *Реализација %* |
|---|---|---|---|---|---|
| **717111** | Комунални такси за привремен престој | 250.000 | 106.240 | 85.312 | 34.13 |
| **717112** | Комунална такса за истакнат назив на фирма (фирмарина) | 500.000 | 155.104 | 460.500 | 92.10 |
| **717115** | Комун.такса за користење на улици со патн.товарни возила што се плаќа при регистрација | 400.000 | 220.116 | 239.610 | 59.90 |
| **717116** | Комунална такса што се плаќа за одржув.на јавно осветление | 4.000.000 | 2.012.652 | 2.100.741 | 52.52 |
| **717119** | Други приходи по основ на комунална дејност | 10.000 | - | - | - |
| **717129** | Други комунални такси | 10.000 | - | - | - |
| **717131** | Комунална такса за користење на простор пред објекти | 60.000 | 38.873 | 60.904 | 101.51 |
| **717134** | Комунална такса за поставување на витрини над. од деловните простории | 10.000 | - | - | - |
| **717135** | Комунална такса за користење на плоштади идр. | 50.000 | - | 9.840 | 19.68 |
| **717137** | Надоместок за уредување на градежно земјиште | 17.858.259 | 508.839 | 381.084 | 2.13 |
| **717138** | Надоместоци од комунални дејности | 10.000 | - | - | - |
| | **Вкупно:** | **23.158.259** | **3.041.824** | **3.337.991** | **14.41** |

## Такси за користење или дозволи за вршење на дејност

| *Приходна шифра* | *Опис* | *План* | *Реализација 30.06.2025* | *Реализација 30.06.2026* | *Реализација %* |
|---|---|---|---|---|---|
| | Надоместок кој го плаќаат операторите на | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **718127** | инсталациите со Б-интегрирана еколошка дозвола на општината | 150.000 | 108.563 | 74.118 | 49,41 |
| **718134** | Надомест за управување со отпад на општината | 10.000 | - | - | - |
| **718140** | Надомест за одржување на јавна чистота | 1.000.000 | - | 250.000 | 25 |
| **718147** | Надоместок за вадење песок | 50.000 | - | - | - |
| | **Вкупно:** | **1.210.000** | **108.563** | **324.118** | **26.79** |

Во рамките на приходите од такси за користење или дозволи за вршење на дејност, за 2026 година се планирани средства во вкупен износ од 1.210.000 денари. Заклучно со 30.06.2026 година реализирани се 324.118 денари, што претставува 26,79% од годишниот план. Во истиот период од претходната година реализирани биле 108.563 денари, што претставува значително зголемување на наплатата во тековната година.

По приходната ставка 718127 – Надоместок кој го плаќаат операторите на инсталациите со Б-интегрирана еколошка дозвола, реализирани се 74.118 денари, односно 49,41% од планираниот износ. Реализацијата на оваа ставка зависи од бројот на операторите кои подлежат на оваа законска обврска и од динамиката на нивното плаќање.

Кај приходната ставка 718140 – Надомест за одржување на јавна чистота, реализирани се 250.000 денари, што претставува 25,00% од планираниот годишен износ. Наплатата на овој надоместок се одвива согласно утврдената динамика и претставува значаен извор на приходи за финансирање на активностите поврзани со одржувањето на јавната чистота во општината.

По приходните ставки 718134 – Надомест за управување со отпад на општината и 718147 – Надоместок за вадење песок, во извештајниот период не е евидентирана реализација, што е резултат на тоа што не се создадени законски или фактички услови за остварување на овие приходи во првата половина од годината.

Приходите од оваа група се наплатуваат согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, Законот за животната средина, Законот за управување со отпад, Законот за јавна чистота, како и врз основа на одлуките на Советот на Општина Демир Капија со кои се утврдува висината и начинот на наплата на овие надоместоци. Нивната реализација зависи од обемот на активностите што претставуваат основ за пресметка и од динамиката на нивната наплата во текот на фискалната година.

## **Неданочни приходи**

Во рамките на неданочните приходи, кои ги опфаќаат приходите од такси и надоместоци, административни такси и останати неданочни приходи, за 2026 година се планирани средства во вкупен износ од 5.110.000 денари. Заклучно со 30.06.2026 година реализирани се 1.143.089 денари, што претставува 22,37% од годишниот план. Во истиот период од претходната година реализацијата изнесувала 1.211.583 денари, односно е евидентирано намалување од 68.494 денари или 5,65%.

Во рамките на оваа група приходи, по приходната група 722 – Такси и надоместоци, од планираните 210.000 денари реализирани се 121.813 денари, што претставува 58,01% од годишниот план. Остварената реализација укажува на задоволителна динамика на наплата во првата половина од фискалната година.

Кај приходната група 723 – Административни такси и надоместоци, од планираните 3.350.000 денари реализирани се 820.216 денари, односно 24,48% од годишниот план. Висината на овие приходи зависи од бројот на управните постапки што ги спроведува Општината и од побарувачката за административни услуги од страна на физичките и правните лица.

По приходната група 725 – Други неданочни приходи, реализирани се 201.060 денари, што претставува 12,97% од планираниот износ. Овие приходи имаат променлив карактер и нивното остварување зависи од настанување на конкретни основи за наплата во текот на буџетската година.

| *Приходна шифра* | *Опис* | *План* | *Реализација 30.06.2025* | *Реализација 30.06.2026* | *Реализација %* |
|---|---|---|---|---|---|
| **722** | Такси и надоместоци | 210.000 | 114.924 | 121.813 | 58.01 |
| **723** | Административни такси и надоместоци | 3.350.000 | 877.022 | 820.216 | 24.48 |
| **725** | Други неданочни приходи | 1.550.000 | 219.637 | 201.060 | 12.97 |
| | **Вкупно:** | **5.110.000** | **1.211.583** | **1.143.089** | **22.37** |

## Капитални приходи

| *Приходна шифра* | *Опис* | *План* | *Реализација 30.06.2025* | *Реализација 30.06.2026* | *Реализација %* |
|---|---|---|---|---|---|
| **731** | Продажба на капитални средства | - | - | - | - |
| **733** | Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 27.054.820 | 1.162.153 | 649.038 | 2.40 |
| | **Вкупно:** | **27.054.820** | **1.162.153** | **649.038** | **2.40** |

Во рамките на капиталните приходи, за 2026 година се планирани средства во вкупен износ од 27.054.820 денари. Заклучно со 30.06.2026 година реализирани се приходи во износ од 649.038 денари, што претставува 2,40% од годишниот план. Во истиот период од претходната година реализацијата изнесувала 1.162.153 денари, што укажува на пониско остварување на приходите во тековниот извештаен период.

Во извештајниот период не е евидентирана реализација по економската класификација 731 – Продажба на капитални средства.

Реализацијата на приходната група 733 – Продажба на земјиште и нематеријални вложувања произлегува од остварените приходи по следните основи:

- приходи од продажба на неизградено градежно земјиште во државна сопственост во износ од 45.436 денари;
- приходи од закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост во износ од 249.566 денари;
- надоместок за концесии за експлоатација на минерални суровини по основ на простор во износ од 1.964 денари;
- надоместок за концесии за експлоатација на минерални суровини по основ на експлоатирана минерална суровина во износ од 309.583 денари;
- надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти во износ од 42.489 денари.

Ниската реализација во однос на годишниот план се должи на фактот што остварувањето на овие приходи зависи од динамиката на спроведување на постапките за отуѓување на градежно земјиште, наплатата на концесиските надоместоци, постапките за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, како и од реализацијата на други законски основи кои по својата природа се непостојани и не се остваруваат со рамномерна динамика во текот на буџетската година.

# Трансфери и донации

| *Приходна шифра* | *Опис* | *План* | *Реазлизација 30.06.2025* | *Реализација 30.06.2026* | *Реализација %* |
|---|---|---|---|---|---|
| **741** | Трансфери од други нивоа на власт | 133.322.162 | 74.022.449 | 56.957.430 | 42,72 |
| **742** | Донации од странство | - | 220.000 | 60.500 | Н/П |
| **744** | Тековни донации | - | - | - | - |
| | **Вкупно:** | **133.322.162** | **74.242.449** | **57.017.930** | **42.77** |

Приходната група Трансфери и донации, за 2026 година се планирани средства во вкупен износ од 133.322.162 денари. Заклучно со 30.06.2026 година реализирани се приходи во износ од 57.017.930 денари, што претставува 42,77% од годишниот план. Во истиот период од претходната година реализацијата изнесувала 74.242.449 денари, што претставува намалување во однос на претходната година, пред сè поради различната динамика на пренос на средства од Буџетот на Република Северна Македонија и реализацијата на капиталните трансфери.

Во рамките на приходната група 741 – Трансфери од други нивоа на власт, реализирани се 56.957.430 денари, што претставува 42,72% од планираните средства. Овие приходи се остварени по следните основи:

- дотации од данокот на додадена вредност (ДДВ) во износ од 12.660.675 денари;
- блок-дотации во вкупен износ од 35.690.848 денари, и тоа:
  - за основно образование – 25.600.000 денари;
  - за социјална заштита и заштита на децата – 7.624.873 денари;
  - за музичка и сценско-уметничка дејност – 2.465.975 денари;
- капитални трансфери од други нивоа на власт во износ од 5.152.767 денари;
- пренесен вишок на средства од претходната година во износ од 2.000.000 денари;
- потрошено салдо од претходната година во износ од 1.453.140 денари.

Во рамките на приходната група 742 – Донации од странство, реализирани се 60.500 денари, кои се однесуваат на финансиско учество од Европската Унија за реализација на проект. По приходната група 744 – Тековни донации, во извештајниот период не е евидентирана реализација.

Трансферите претставуваат најзначаен извор на финансирање на надлежностите на Општината, особено во областа на образованието, социјалната заштита и капиталните инвестиции. Нивната реализација се одвива согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, Законот за буџетите, годишниот Закон за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, како и другите прописи што ја регулираат распределбата и користењето на трансферите од централниот буџет и средствата обезбедени од меѓународни донатори.

# Реализирани буџетски расходи на општина Демир Капија

| Расходно конто | Опис | План | Реализација 30.06.2025 | Реализација 30.06.2026 | Реализација % |
|---|---|---|---|---|---|
| **40** | Плати, наемнини и надоместоци за вработените | 88.020.485 | 38.552.045 | 39.321.495 | 44.67 |
| **41** | Резерви и недефиниани расходи | 400.000 | 250.000 | - | - |
| **42** | Стоки и услуги | 43.411.073 | 11.641.684 | 10.980.881 | 25.30 |
| **45** | Каматни плаќања | 100.000 | - | - | - |
| **46** | Субвенции и трансфери | 11.099.902 | 2.872.315 | 4.722.225 | 42.54 |
| **47** | Социјални бенифиции | 1.100.000 | 146.670 | 393.338 | 35.76 |
| **48** | Капитални расходи | 50.586.781 | 12.896.241 | 7.691.912 | 15.21 |
| **49** | Отплата на главница | 3.200.000 | 1.561.764 | 1.446.042 | 45.19 |
| | **Вкупно:** | **197.918.241** | **67.920.719** | **64.555.893** | **32.62** |

Вкупните реализирани расходи на Буџетот на Општина Демир Капија за периодот од 01.01.2026 до 30.06.2026 година изнесуваат 64.555.893 денари, што претставува 32,62% од вкупно планираните средства во износ од 197.918.241 денари. Во однос на истиот период од 2025 година, кога реализацијата изнесувала 67.920.719 денари, се бележи намалување на расходите за 3.364.826 денари, односно 4,95%.

По економски категории, реализацијата на расходите е следна:

Конто 40 – Плати, наемнини и надоместоци за вработените

За оваа категорија се планирани 88.020.485 денари, а реализирани се 39.321.495 денари, што претставува 44,67% од годишниот план. Овие расходи се однесуваат на исплата на плати, придонеси, надоместоци и други законски обврски кон вработените во општинската администрација и институциите финансирани преку блок-дотации. Реализацијата се одвива согласно законските прописи и утврдената динамика на исплата.

Конто 41 – Резерви и недефинирани расходи

Во извештајниот период не се реализирани средства по оваа расходна категорија.

Конто 42 – Стоки и услуги

Од планираните 43.411.073 денари, реализирани се 10.980.881 денари, што претставува 25,30% од годишниот план. Овие расходи ги опфаќаат тековните трошоци за функционирање на општинската администрација, јавните услуги, комуналните расходи, договорните услуги, материјалите и останатите оперативни расходи. Нивната реализација се одвива согласно потребите на буџетските корисници и динамиката на спроведување на јавните набавки.

Конто 45 – Каматни плаќања

Во првата половина од 2026 година не се реализирани расходи по оваа категорија.

Конто 46 – Субвенции и трансфери

За оваа категорија се планирани 11.099.902 денари, а реализирани се 4.722.225 денари, што

претставува 42,54% од годишниот план. Средствата се користени за исплата на субвенции, трансфери и финансиска поддршка согласно програмите усвоени од Советот на Општина Демир Капија и важечките законски прописи.

Конто 47 – Социјални бенефиции

Од планираните 1.100.000 денари, реализирани се 393.338 денари, односно 35,76% од годишниот план. Овие средства се наменети за реализација на програмите од областа на социјалната заштита и обезбедување помош за категории граѓани согласно одлуките на Советот и законските прописи.

Конто 48 – Капитални расходи

За капитални инвестиции се планирани 50.586.781 денари, а реализирани се 7.691.912 денари, што претставува 15,21% од годишниот план. Пониската реализација е карактеристична за првата половина од буџетската година и е условена од времетраењето на постапките за јавни набавки, склучувањето договори, воведувањето на изведувачите во работа и динамиката на реализација на капиталните проекти. Поголемиот дел од капиталните расходи традиционално се реализира во втората половина од годината.

Конто 49 – Отплата на главница

Од планираните 3.200.000 денари, реализирани се 1.446.042 денари, што претставува 45,19% од годишниот план. Овие расходи се однесуваат на сервисирање на обврските по основ на отплата на главнината на долгорочните задолжувања на Општината, согласно утврдените договорни обврски и планот за отплата.

Генерално, реализацијата на расходите во првата половина од 2026 година се одвивала во согласност со утврдените буџетски приоритети и расположливите финансиски средства, при што се обезбедувало редовно финансирање на законските надлежности на Општината и непречено функционирање на општинската администрација и буџетските корисници. Динамиката на реализација, особено кај капиталните расходи, е во согласност со фазите на спроведување на постапките за јавни набавки и реализацијата на инвестиционите проекти во текот на буџетската година.



## ТЕКОВНО- ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ

Согласно законската регулатива општинскиот буџет се следи преку различните видови на расходи, односно тековно-оперативните и капиталните расходи.

Во рамките на тековно–оперативните расходи доминираат расходите за плати и придонесите за социјално осигурување.

***40 - Плати, наемнини и надоместоци за вработените***

Согласно економската класификација на расходите, утврдена со прописите од областа на буџетското работење, расходите на Општина Демир Капија се класифицираат на тековно-оперативни и капитални расходи.

Тековно-оперативните расходи обезбедуваат непречено извршување на законските надлежности на Општината и редовно функционирање на општинската администрација и буџетските корисници. Во нивната структура најголемо учество имаат расходите за плати, придонеси од плата, стоки и услуги, субвенции и трансфери, како и социјалните бенефиции.

40 – Плати, наемнини и надоместоци за вработените

Расходите по оваа економска категорија ги опфаќаат средствата за исплата на плати и придонеси за вработените во општинската администрација, платата на градоначалникот, надоместоците на членовите на Советот на Општина Демир Капија, како и платите и надоместоците на вработените кај единките корисници на Буџетот кои се финансираат преку блок-дотации.

Заклучно со 30.06.2026 година, по оваа основа се реализирани расходи во вкупен износ од 39.321.495 денари, што претставува 44,67% од планираните средства во износ од 88.020.485 денари. Во споредба со истиот период од претходната година, кога реализацијата изнесувала 38.552.045 денари, се бележи зголемување од 769.450 денари, односно 2,00%, што е резултат на усогласувањето на платите и редовната исплата на законските обврски кон вработените.

Структурата на реализираните расходи е следна:

- Конто 401 – Основни плати: реализирани се 27.809.837 денари, што претставува 46,65% од планираниот износ;
- Конто 402 – Придонеси за социјално осигурување од работодавачот: реализирани се 10.796.582 денари, односно 46,01% од планираните средства;
- Конто 404 – Надоместоци: реализирани се 715.076 денари, што претставува 14,48% од планираниот износ.

Реализацијата на расходите по оваа економска категорија се одвива во согласност со Законот за работните односи, Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за плата и другите надоместоци на избрани и именувани лица, како и со колективните договори и останатите прописи што го регулираат системот на плати и надоместоци во јавниот сектор.

| *Расходно конто* | *Опис* | *План* | *Реализација 30.06.2025* | *Реализација 30.06.2026* | *Реализација %* |
|---|---|---|---|---|---|
| **401** | Основни плати | 59.617.718 | 26.989.976 | 27.809.837 | 46.65 |
| **402** | Придонес за социјално осигурување од работодавачи | 23.465.767 | 10.459.456 | 10.796.582 | 46.01 |
| **404** | Надоместоци | 4.937.000 | 1.102.613 | 715.076 | 14.48 |
| | **Вкупно:** | **88.020.485** | **38.552.045** | **39.321.495** | **44.67** |

***Тековни резерви (разновиди расходи)***

| *Расходно конто* | *Опис* | *План* | *Реализација 30.06.2025* | *Реализација 30.06.2026* | *Реализација %* |
|---|---|---|---|---|---|
| **412** | Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 100.000 | - | - | - |
| **413** | Тековни резерви (разновидни | 300.000 | 250.000 | - | - |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | расходи) | | | | |
| | **Вкупно:** | **400.000** | **250.000** | **-** | **-** |

***Средствата од тековната резерва се користат за одредении итни потреби на општината, доколку не се обезбедени средства или не се обезбедени во доволен износ.**

Советот на општината со одлуката за извршување на буџетот на општината, ја определува употребата на средствата за претходно утврдените намени.

## ***Стоки и услуги***

Расходите по економската категорија 42 – Стоки и услуги ги опфаќаат средствата потребни за тековното функционирање на општинската администрација и единките корисници, односно расходите за комунални услуги, канцелариски и друг потрошен материјал, поправки и одржување, договорни услуги, службени патувања, привремени вработувања и останати тековни расходи.

За оваа категорија во Буџетот за 2026 година се планирани средства во вкупен износ од 43.411.073 денари, од кои заклучно со 30.06.2026 година се реализирани 10.980.881 денари, што претставува 25,30% од годишниот план. Во споредба со истиот период од претходната година, кога реализацијата изнесувала 11.641.684 денари, се бележи намалување од 660.803 денари, односно 5,68%.

Во структурата на реализираните расходи најголемо учество имаат:

- Конто 421 – Комунални услуги, греење, комуникации и транспорт, со реализирани 3.593.394 денари, односно 41,75% од планираните средства. Овие расходи се однесуваат на обезбедување на основните комунални и телекомуникациски услуги неопходни за непречено функционирање на Општината и буџетските корисници.
- Конто 427 – Привремени вработувања, со реализирани 2.253.226 денари, што претставува 50,07% од годишниот план. Реализацијата се однесува на ангажирање лица согласно законските прописи и потребите за непречено извршување на работните процеси.
- Конто 425 – Договорни услуги, со реализирани 1.771.722 денари, односно 17,44% од планираниот износ. Овие расходи ги опфаќаат услугите што не можат да се обезбедат со сопствени капацитети и се реализираат согласно склучените договори и спроведените постапки за јавни набавки.
- Конто 424 – Поправки и тековно одржување, со реализирани 1.698.284 денари, што претставува 14,18% од планираниот износ, а се однесуваат на тековно одржување на објектите, опремата, локалната инфраструктура и останатите средства во сопственост на Општината.
- Конто 423 – Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки, со реализирани 1.030.971 денари, односно 16,32% од планираниот износ.
- Конто 426 – Други тековни расходи, со реализирани 504.215 денари, што претставува 34,30% од планираниот износ.
- Конто 420 – Патни и дневни расходи, со реализирани 129.069 денари, односно 33,74% од планираните средства.

| *Расходно конто* | *Опис* | *План* | *Реализација 30.06.2025* | *Реализација 30.06.2026* | *Реализација %* |
|---|---|---|---|---|---|
| **420** | Патни и дневни расходи | 382.500 | 95.373 | 129.069 | 33.74 |
| **421** | Комунални услуги, греење, комуникации и транспорт | 8.606.168 | 2.932.859 | 3.593.394 | 41.75 |
| **423** | Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | 6.315.293 | 1.911.896 | 1.030.971 | 16.32 |
| **424** | Поправки и тековно одржување | 11.978.500 | 2.515.898 | 1.698.284 | 14.18 |
| **425** | Договорни услуги | 10.158.612 | 2.083.145 | 1.771.722 | 17.44 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **426** | Други тековни расходи | 1.470.000 | 44.502 | 504.215 | 34.30 |
| **427** | Привремени вработувања | 4.500.000 | 1.680.011 | 2.253.226 | 50.07 |
| | **Вкупно:** | **43.411.073** | **11.641.684** | **10.980.881** | **25.30** |

## ***Каматни плаќања***

| *Расходно конто* | *Опис* | *План* | *Реализација 30.06.2025* | *Реализација 30.06.2026* | *Реализација %* |
|---|---|---|---|---|---|
| **452** | Каматни плаќања кон домашни кредитори | 100.000 | - | - | - |
| | **Вкупно:** | **100.000** | - | - | - |

## ***Субвенции и трансфери***

| *Расходно конто* | *Опис* | *План* | *Реализација 30.06.2025* | *Реализација 30.06.2026* | *Реализација %* |
|---|---|---|---|---|---|
| **461** | Субвенции за јавни претпријатија | 326.710 | 1.177.034 | 40.838 | 12,50 |
| **463** | Трансфери до невладини организации | 2.232.738 | 361.139 | 1.269.409 | 56,85 |
| **464** | Разни трансфери | 8.490.454 | 1.334.142 | 3.378.134 | 39,79 |
| **465** | Исплата на извршни исправи | 50.000 | - | 38.844 | 67,69 |
| | **Вкупно:** | **11.099.902** | **2.872.315** | **4.722.225** | **42,54** |

Расходите по економската категорија 46 – Субвенции и трансфери ги опфаќаат средствата наменети за финансиска поддршка на јавните претпријатија, невладините организации, спортските клубови, како и останати трансфери и обврски кои произлегуваат од законски, договорни и судски основи.
За оваа категорија во Буџетот на Општина Демир Капија за 2026 година се планирани средства во износ од 11.099.902 денари, од кои заклучно со 30.06.2026 година се реализирани 4.722.225 денари, што претставува 42,54% од годишниот план. Во споредба со истиот период од 2025 година, кога реализацијата изнесувала 2.872.315 денари, се бележи зголемување од 1.849.910 денари, односно 64,40%.
Структурата на реализираните расходи е следна:

- Конто 461 – Субвенции за јавни претпријатија: реализирани се 40.838 денари, што претставува 12,50% од планираните средства. Средствата се исплатени согласно донесените акти и програмите на Општината за финансиска поддршка на јавните претпријатија.
- Конто 463 – Трансфери до невладини организации: реализирани се 1.269.409 денари, односно 56,85% од планираниот износ. Од нив:
  - 1.189.409 денари се однесуваат на трансфери до здруженија на граѓани и фондации;
  - 80.000 денари се однесуваат на трансфери до спортски клубови.
- Конто 464 – Разни трансфери: реализирани се 3.378.134 денари, што претставува 39,79% од планираните средства. Во рамките на ова конто реализирани се:
  - 1.915.160 денари за плаќања по судски решенија;
  - 1.135.849 денари други трансфери од Основниот буџет;
  - 247.334 денари други трансфери од сметката за самофинансирачки активности;
  - 79.791 денари други трансфери од сметката за наменски дотации.
- Конто 465 – Исплата по извршни исправи: реализирани се 33.844 денари, што претставува 67,69% од планираниот износ и се однесуваат на извршување на правосилни извршни исправи во согласност со законските обврски на Општината.

Реализацијата на расходите по оваа економска категорија е извршена согласно Законот за

буџетите, Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, Законот за здруженија и фондации, Законот за спортот, како и врз основа на програмите и одлуките донесени од Советот на Општина Демир Капија.
Зголемената реализација во однос на истиот период од претходната година првенствено се должи на повисоките расходи по основ на разни трансфери, особено за плаќања по судски решенија и останати законски обврски, како и на поголемиот обем на средства распределени за поддршка на здруженијата на граѓани и спортските организации.

## ***Социјални бенефиции***

Реализацјата во делот на социјалните надоместоци се однесува на
471160 - Еднократна парична помош на износ од 310.002 денари и
471230 – Помош за новороденчиња на износ од 83.336 денари.

| *Расходно конто* | *Опис* | *План* | *Реализација 30.06.2025* | *Реализација 30.06.2026* | *Реализација %* |
|---|---|---|---|---|---|
| **471** | Социјални надоместоци | 1.100.000 | 146.670 | 393.338 | **35,76** |
| | **Вкупно:** | **1.100.000** | **146.670** | **393.338** | **35,76** |

## ***Отплата на главница***

Во рамките на економската категорија 49 – Отплата на главница, планирани се средства за сервисирање на обврските по основ на долгорочно задолжување на Општина Демир Капија, согласно договорениот амортизационен план.
Расходите по оваа категорија се однесуваат на отплата на главнината по Договорот за подзаем, склучен на 23.02.2016 година помеѓу Министерството за финансии и Општина Демир Капија, во рамките на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (MSIP 2). Средствата од заемот, во вкупен износ од 27.272.309 денари, беа наменети за реконструкција и изградба на локална патна инфраструктура, односно улиците „Илинденска“, „Радњанска“ и „Орце Николов“ во Општина Демир Капија.
Согласно амортизациониот план, рокот за отплата на заемот е 10.02.2029 година. Заклучно со 30.06.2026 година, неизмирениот остаток на главнината по овој заем изнесува 7.927.514 денари.
Во Буџетот за 2026 година за оваа намена се планирани 3.200.000 денари, од кои заклучно со 30.06.2026 година се реализирани 1.446.042 денари, што претставува 45,19% од годишниот план. Во истиот период од претходната година реализацијата изнесувала 1.561.764 денари.
Отплатата на главнината се врши навремено и во согласност со договорните обврски, без доцнење во сервисирањето на јавниот долг на Општината, со што се обезбедува одржување на финансиската стабилност и исполнување на обврските преземени согласно Законот за јавниот долг, Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и Законот за буџетите.

| *Расходно конто* | *Опис* | *План* | *Реализација 30.06.2025* | *Реализација 30.06.2026* | *Реализација %* |
|---|---|---|---|---|---|
| **493** | Отплата на главница до други нивоа на власт | 3.200.000 | 1.561.764 | 1.446.042 | **45,19** |
| | **Вкупно:** | **3.200.000** | **1.561.764** | **1.446.042** | **45,19** |

## **Капитални расходи**

Капиталните расходи претставуваат средства наменети за реализација на развојни проекти и капитални инвестиции со кои се подобрува локалната инфраструктура и условите за живот на граѓаните. Во текот на извештајниот период, капиталните расходи беа насочени кон реконструкција и изградба на инфраструктурни објекти, набавка на опрема и возила, како и

вложувања во нематеријални средства.

| *Расходно конто* | *Опис* | *План* | *Реализација 30.06.2025* | *Реализација 30.06.2026* | *Реализација %* |
|---|---|---|---|---|---|
| **480** | Купување на опрема и машини | 440.000 | 12.580 | - | - |
| **481** | Градежни објекти | - | - | - | - |
| **482** | Други градежни објекти | 47.332.041 | 12.691.286 | 5.274.767 | 11,14 |
| **483** | Купување на мебел | - | - | - | - |
| **485** | Вложувања и нефинансиски средства | 500.000 | 192.375 | 102.405 | 20,48 |
| **486** | Купување на возила | 2.314.740 | - | 2.314.740 | 100,00 |
| | **Вкупно:** | **50.586.781** | **12.896.241** | **7.691.912** | **15,21** |

За капитални расходи во Буџетот на Општина Демир Капија за 2026 година се планирани средства во вкупен износ од 50.586.781 денари, од кои заклучно со 30.06.2026 година се реализирани 7.691.912 денари, што претставува 15,21% од годишниот план. Во споредба со истиот период од 2025 година, кога реализацијата изнесувала 12.896.241 денари, се бележи намалување на капиталните расходи, што е резултат на различната динамика на спроведување на постапките за јавни набавки, изведбата на градежните работи и реализацијата на капиталните проекти.

Најзначајна реализација е евидентирана кај:

- Конто 482 – Други градежни објекти, со реализирани 5.274.767 денари, што претставува 11,14% од планираниот износ. Во рамките на ова конто реализирани се:
  - 5.152.767 денари за реконструкција на други објекти, односно за проектот „Реконструкција на фудбалско игралиште – II фаза“;
  - 122.000 денари за реконструкција на улици, патишта и автопати.
- Конто 486 – Купување на возила, со реализирани 2.314.740 денари, што претставува 100,00% од планираниот износ. Средствата се искористени за набавка на трактор, со цел подобрување на капацитетите за извршување на комуналните дејности.
- Конто 485 – Вложувања во нефинансиски средства, со реализирани 102.405 денари, што претставува 20,48% од планираните средства. Во рамките на ова конто реализирани се:
  - 16.920 денари за набавка на компјутерски софтвер;
  - 85.485 денари за надоместок за одземен имот.

Во извештајниот период не е евидентирана реализација по контата 480 – Купување на опрема и машини, 481 – Градежни објекти и 483 – Купување на мебел, бидејќи реализацијата на планираните активности е предвидена во втората половина од буџетската година или постапките за нивна реализација се во тек.

Реализацијата на капиталните расходи се одвива согласно Законот за буџетите, Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, Законот за јавните набавки, како и годишните програми за изградба, реконструкција и одржување на локалната инфраструктура усвоени од Советот на Општина Демир Капија.

Пониската реализација на капиталните расходи во првата половина од годината е вообичаена за единиците на локалната самоуправа и е условена од времетраењето на постапките за јавни набавки, склучувањето договори, воведувањето на изведувачите во работа и динамиката на изведување и фактурирање на градежните работи. Се очекува значителен дел од планираните капитални инвестиции да се реализираат во второто полугодие од 2026 година.

Изготвено од
Сектор за финансиски прашања